1830 2
Službeni vesnik M
Makedonije
91001 Skopje
fah 51


# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски, односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 9 март 1984
БЕЛГРАД
БРОЈ 12 ГОД. XL

Цена на овој број е 26 динари. – Претплатата за 1984 година изнесува 1.425 динари. Рок за рекламации 15 дена. – Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**96.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83 и 66/83), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/77, 30/77, 62/77, 10/78, 16/78, 41/78, 42/78, 7/79, 19/79, 23/79, 24/79, 33/79, 35/79, 57/79, 7/80, 27/80, 30/80, 38/80, 3/81, 26/81, 55/81, 67/81, 9/82, 27/82, 47/82, 66/82, 70/82, 14/83, 63/83 и 68/83) членот 1б се менува и гласи:

„Член 1б

На прометот на производите од став 1 точ. 2 и 3 на тарифниот број 3 од Тарифата се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа:

1) на сите видови екстра-цигари – пакување од 20 парчиња, на чие производство не се применуваат прописите за југословенските стандарди, се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа за цигари:

| | |
|---|---|
| – чија цена е до 41,00 динар | 62,68% |
| – чија цена е над 41,00 динар до 43,00 динар | 63,76% |
| – чија цена е над 43,00 динари до 51,00 динар | 66,10% |
| – чија цена е над 51,00 динар | 71,10% |

2) на сите видови цигари – пакување од 20 парчиња, на чие производство се применуваат прописите за југословенските стандарди, се плаќа основен данок на промет, и тоа за цигарите што спаѓаат во:

| | |
|---|---|
| – I квалитетна група | 56,08% |
| – II квалитетна група | 53,57% |
| – III квалитетна група | 51,72% |
| – IV квалитетна група | 30,70% |

Одредбите од забелешката кон тар. број 3 од Тарифата се применуваат и на прометот на производите од овој член."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.бр. 33
2 февруари 1984 година

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Мијат Шуковиќ**, с.р.

**97.**

Врз основа на член 58 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83 и 66/83), во спогодба со сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи, сојузниот секретар за финансии пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/80, 38/80, 17/81, 31/81, 31/82 и 20/83) во член 54 ставот 22 се брише.

Досегашниот став 23 станува став 22.

Во досегашниот став 24, кој станува став 23, во воведната реченица: зборовите: „има инвалидно лице", се заменуваат со зборовите: „имаат определени инвалидни лица", во точка 1 зборот: „набавува" се заменува со зборот: „набавуваат", а бројот: „200.000" се заменува со бројот: „300.000", на обете места, во точка 2 зборот: „врши" се заменува со зборот: „вршат", а во точка 3 зборот: „поднесе" се заменува со зборот: „поднесат".

Досегашните ст. 25 до 33 стануваат ст. 24 до 32.

Член 2

По член 54 се додава нов член 54а, кој гласи:

„Член 54а

Под цена од член 5 став 2 на Законот за измени и дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/83) – (во натамошниот текст: Законот за измени), се подразбира производителската цена зголемена за трошоците на прометот и износот на укинатиот данок на промет страна

според став 1 на тој член, која постоела и која е реализирана пред 19 декември 1983 година, под услов да се во прашање исклучиво производи од тарифните броеви на Тарифата на основниот данок на промет наведени во член 5 став 1 од Законот за измени, а за кои производителските организации на здружен труд склучиле писмени договори со Олимпискиот комитет на XIV зимски олимписки игри, Сараево 84, дека со средствата остварени од таквата цена тие организации ќе учествуваат во финансирањето на XIV зимски олимписки игри Сараево 84, како и дека редовно ќе ги извршуваат договорените обврски.

Производителските организации на здружен труд, кои, согласно со член 5 став 1 од Законот за измени склучиле писмени договори за финансирање на XIV зимски олимписки игри, Сараево 84, а кои го користат даночното олеснение од Законот за измени, се должни до 20. во месецот за изминатиот месец, за продадените производи од тарифните броеви наведени во член 5 став 1 од Законот за измени, да го пресметуваат и уплатат договорениот износ кој претставува разлика помеѓу цената од став 1 на овој член и производителската цена, зголемена за износот на трошоците на прометот според прописите, на посебната сметка на Олимпискиот комитет на XIV зимски олимписки игри, Сараево 84."

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-1840/1
17 февруари 1984 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Владо Клеменчич**, с.р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБАТА НА ЧЛЕН 8 СТАВ 1 ТОЧКА 2 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД „ПРАТЕЌА ПРОИЗВОДЊА" НА ИНДУСТРИЈАТА НА МАШИНИ И ТРАКТОРИ ВО БЕЛГРАД ОД НОЕМВРИ 1978 ГОДИНА

1. Со оспорената одредба на член 8 став 1 точка 2 на Правилникот е пропишано за секоја година пензиски стаж остварен во Индустријата на машини и трактори, на работникот да му припаѓаат 3 бода, а за секоја година пензиски стаж остварен надвор од Индустријата на машини и трактори, на работникот да му припаѓаат 0,5 бодови.

2. Оценувајќи ја уставноста на оспорената одредба на член 8 став 1 точка 2 на Правилникот, Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 21 септември 1983 година, врз основа на член 375 став 1 точка 4 од Уставот на СФРЈ и на член 13 став 1 точка 2 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, донесе, со мнозинство на гласови

Одлука

Се укинува член 8 став 1 точка 2 на Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците на Основната организација на здружен труд „Пратеќа производња" на Индустријата на машини и трактори во Белград од ноември 1978 година.

Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и на начинот на кој е објавен овој самоуправен општ акт.

Причините за ваквата одлука се дадени во одлуката на Уставниот суд на Југославија У-број 249/81 од 11 јули 1983 година, која е објавена во „Службен лист на СФРЈ" бр. 62/83 од 9 декември 1983 година.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседателот на Уставниот суд на Југославија Воислав Ракиќ и судиите: Јаким Спировски, д-р Јосиф Трајковиќ, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Деревиќ, д-р Александар Фира, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, Иван Франко, Славко Кухар, Мустафа Сефо, Милосав Стиовиќ и Душан Штрбац.

У бр. 219/82
21 септември 1983 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Воислав Ракиќ**, с. р.

---

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за книговодството, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81, се поткрала долунаведенава грешка, па се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА КНИГОВОДСТВОТО

Во член 68 наместо зборовите: „точ. 1 до 10" треба да стојат зборовите: „точ. 1 до 11".

Од Секретаријатот за законодавство на Собранието на СФРЈ, Белград, 6 март 1984 година.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Словенија

- за посебни заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Хочевар Алојза Штефан;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Фердербер-Валенчиќ Јожефа Јожеф, Janша-Врховец Станислава Марија, Розман Јанеза Јакоб;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бежек Божидара Николај, Долничар Викторија Душан, Лампе Ивана Франц, Пиркмајер Милка Едо, Поје Јанеза Јанез, Штрос Леополда Милош, Жорга Рудолфа Лудвик;

- за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Божиќ Марка Милош, Јанежиќ Звонимира Владо, Клун Ивана Марјан;

- за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Миклич Фердинанда Фердинанд, Окрајшек Ивана Иван, Павловиќ Јоже Јоже, Рецек Алојза Лудвик, Север Јожета Јоже, Старе Антона Антон, Стражишар Јоже Мирко, Шертел Петера Андреј, Швара-Среш Мартина Милена;

- за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Емершич Радослава Радослав, Криж Антона Антон, Медич Косте Бранко, Сливник Станислава Станислав, Шкамлец Феликса Иван, Видиц Јанеза Јакоб - Јанез;

- за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Флудерник-Јерај Марије Марија, Фужир Шпрук Марије Соња, Кавран-Кенк Марије Верена, Меѓа Јоже Маруша, Пољаница Ивана Јозо, Сладиќ-Школник Саве Здравка, Валант-Бенедечич Јожета Марија.

Бр. 51
25 мај 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**УКАЗ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

- за извонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Аргентина

одликува:

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

Reynaldo Benito Antonio Bignone, претседател на Република Аргентина.

Бр. 52
26 мај 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА **ФЕДЕРАТИВНА** РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од САП Косово

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Томиќ Димитрија Илија;

- за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Хамзај Бајрама Дели, Краснићи Емина Шабан, Смаколи Бејта Нурадин;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бељиgради Селима Ибрахим, Брезница Бајрама Мухарем;

- за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Павловиќ Стојка Јован;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бехрамај Шабана Сејди, Бериша Јануза Хаки, Бублица Ишљама Сали, Чебашек Виктора Алојз, Гариħ Крсте Богољуб, Гргури Шаħира Садик, Мициħ Станка Момир, Савиħ Станка Миливој, Таħи Назира Кадри, Жиган Александра Бранислав:

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Арзоалħу Мустафа Хаки, Авдиљи Рахима Бајрам, Бајрами Вељија Бајруш, Бириницику Рамадан Шабан, Бочај Јаке Пјетер, Бунјаку Зејнуша Рамадан, Бужаља Хисена Фазлији, Ценич Милана Томислав, Читаку Хашима др Искендер, Дељанин Мирослава Милош, Деми Редхепија Сали, Ђорђевиħ Саве Владимир, Ељашани Биљала Дибран, Галица Мифтара Абдулкадер, Гегај Ибрахима Барлец, Гојани-Мавриħ Антона др Бојана, Гргури Бајрама Мехмед, Гргури Исмаља Шабан, Хадиу-Маħуни Ибрахима Љемана, Хашани Шабана Фета, Хуса Халима Бедри, Хисенај Шабана Хисен, Ибрахими Саита Бајрам, Имерај Редже Реџеп, Исмаили-Паџи Мурата Лирије, Измаку Селима Рамадан, Јакшиħ Јездимира Војин, Јовановиħ Тодора Вукашин, Кељменди Хисена Шабан, Кокиħ Тодора Видоје, Компировиħ Вукиħа Радован, Куршумлију Изета Расим, Лајовиħ Милоша Јован, Лазиħ Божидара Љубомир, Макиħ Давида Благоје, Маркишиħ Исе Беко, Мехмети Абдулаха Есат, Минчиħ Радисава Љубисав, Митровиħ Благоја Бошко, Мухареми Јетуса Касим, Недељковиħ-Јочиħ Олга, Одаловиħ Радована Александар, Павловиħ Љубомира Живорад, Поповиħ Војина Градимир, Рецај Пајазита Ибрахим, Рогановиħ Стевана Богиħ, Саљиху Рамадана Синан, Севељиħ-Влаховиħ Петка Вера, Секулиħ Радисава Стојана, Спахија Јануза Исмет, Станиславлевиħ Димитрија Александар, Станковиħ Стојана Ђорђе, Татари Намона Синан, Тодоровиħ-Тарана Богдана Зорка,Топлица Салија Назмија, Трајковиħ Радоње Миодраг, Тунузлиу Суљејмана Неџмедин, Улаковиħ Салка Нецад, Ватовци Бехрама Бислим, Велиħи Хаљиља Небих, Ветми Мехмета Бахри, Виторовиħ-Пајовиħ Новице Милена, Врановци Шабана Сали, Вучиниħ Трајка Будимир, Вучуровиħ Видака Радојица, Заити Ризе Осман, Зеħири Малиħа Шабан:

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

## СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Антиħ Божидарка Петар, Арсиħ Данила Милутин, Чолаку Шабана Рагип, Долиħ Сотира Милорад, Докниħ Видака Слободан, Хаџиу Синана Цен, Хајдини Азема Иса, Хамити Хамитаја Риза, Хисенај Мурсеља Рамадан, Љоши Аслана Јакуп, Мухареми Смајља Али, Мусај Ахмета Мухамед, Османај-Мисирај Раме Нурије, Рамадани Шешивара Идриз, Рамизи Алија Хаħиф, Реџа Реџепа Енвер, Руколи Османа Реџеп, Савановиħ Милана Миодраг, Шабани Хасана Мухарем, Шабани Зенеља Риза, Трнава Авдулаха Хајрулах, Васиħ Тасе Ђорђе, Вукотиħ-Ковачевиħ Миладин Зорка;

– за залагање и постигнати успеси во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ахмеди Узеира Фехми, Ајази Суље Абаз, Аљиу Имера Зумер, Аслани Миљазима Бахтир, Авдијај Тахира Хазир, Авдиу Арифа Хисени, Бајмак Ибрахима Саит, Бангу Шефки Ибрахим, Бањска Селима Али, Бехрамај Ћемаља Мифтар, Брезница Абдулаха Гани, Бунјаку Зеке Аслан, Буњаку Фаика Бедиха, Чизмоли Ахмета Мухарем, Ћерими Дергута Маљиħ, Дервисхај Селмана Шеħир, Гаши Бектеħа Нуредин, Гаши Абаза Синан, Хајризи Хашима Јусуф, Хаљиљај Османа Хасан, Хамзај Зеħира Хаљиљ, Хазири Исмаиља Исмаиљ, Идризи Зеħира Хасан, Идризи Бајрама Метуш, Илиħ Живојина Љубиша, Имерај Рушита Бајрам, Имери Каплана Фаредин, Исљами Хаџије Рагип, Исуфи Хашима Халим, Јоцева Ангела Јелица, Китановиħ-Петровиħ Ђорђа Миланка, Колари Шабани Бајрам, Маħани Рамадан Хаљит, Максимовиħ-Шотиħ Милутина Загорка, Максути Рмаиза Максуг, Мехмети Мехмета Фланза, Мељеница Ибрахима Мусљи, Миловановиħ Мирослава Душанка, Морина Хисена Ахмета, Мухареми Вељи Хамди, Муљај Бајрама Хасанж, Ничиħ Љубомира Слободан, Номони Бајрама Хајрулах, Нуредини Хајдара Ајдин, Пацолари Хевзија Садик,Парежанин Боже Никола, Пеци Фериза Јашар, Перħику Фериза Хакиф, Периħ-Миладиновиħ Душана Зорица, Починци Ахмета Мухарем, Радуловиħ Андије Босиљка, Рапајиħ Војислава Јован, Салаху Ахмета Мусли, Симиħ Ђорђа Јанаħко, Станковиħ Радивоја Миливоје,Шаља Хаџија Фејза, Шаља Хасана Гани, Шерифи Шефика Неџбедин, Шола-Ђушинца Махмута Селвете, Ука Салиха Ибрахим, Вељковиħ-Бојовиħ Милоја Владиславка, Зебељај Мехмета Иса, Забељи Делија Мехмет, Зејнулаху Тахира Хамит, Зека Ибрахима Сејди, Живиħ-Стојановиħ Миодрага Марица.

Бр. 53
1 јуни 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството,
**Мика Шпиљак**, с. р.

# СОДРЖИНА

Страна


96. Уредба за измена на Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи — — — — — — — — — — — — — — 415
97. Правилник за измена и дополнение на Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги — 415

Одлука за оценување на уставноста на одредбата на член 8 став 1 точка 2 на Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците од Основната организација на здружен труд „Пратеќа производња" на Индустријата на машини и трактори во Белград од ноември 1978 година — — — 416

Исправка на Законот за книговодството — — — — 416

Одликувања — — — — — — — — — — — — — — — — — 416


Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.